ПРЕГЛЕД НА ОКО

Потребна опрема:
- Snellen карта или џепна карта за проверување острина на вид
- Офталмоскоп

1. **Анамнеза**

2. **Острина на видот**
Во случаи на болка во окото, повреда, или губиток на вид, **секогаш** се проверува острина на видот **пред** останатиот дел од прегледот или пред ставање на лекови во окото на пациентот.



3. **Инспекција -** орбита и очно јаболко, очни капаци, солзен апарат, коњуктиви, роговица, склера, пупили, ирис, леќа, стаклесто тело.


До колку се сомневате дека пациентот има коњуктивит, **измијте ги рацете** веднаш после прегледот. Вирусниот коњуктивит е високо контагиозен. Заштитете се!


4. **Видно поле**

Испитај ги видните полиња по пат на конфронтација.
Ретина и n. opticus - намалено видно поле и скотоми (игла со црвена или бела "глава"). До колку се сомневате на било какво пореметување, тестирајте ги 4^{те} квадранти на секое око одделно.

5. **Екстраокуларни мускули**
- Корнеален светлосен рефлекс - асиметријата сугерира за патологија (страбизам - превенција на амблиопија кај деца)
- Окуларни движења

Во правец на дејство на булбомоторите и





знаци за оштетување на **n.oculomotorius. n.trochlearis** и **n. abducens.**

6. **SAK –** Реакција на пупила на светлост, акомодација и конвергенција

7. **Страбизам**


8. **Палпација**

9. **Офталмоскоп**
- Три контролни копчиња:
  а) Диоптрија - надворешен раб
  б) Типот на светло - напред
  ц) Контрола на светло - на телото од офталмоскопот



10. **Преглед со офталмоскоп**

- Затемната просторија
- Подесете го светлото - големиот бел круг (подесете го нивото на светлина)
- Диоптрија на нула- освен ако не одредите друга диоптрија за вашето око.
- Користете ја вашата **лева** рака и **лево** око за преглед на **левото** око на пациентот. Користете ја вашата **десна** рака и **десно** око за преглед на **десното** око на пациентот. За подобра контрола поставете ја вашата слободна рака на рамото на пациентот - евентуално на челото
- Побарајте од пациентот да гледа во далечина - точно одредена точка (аголот од собата на пр. - **за да не акомодира)**
- **За да ја визуализирате ретина, гледајте под агол од 30-45 степени од средната линија на пациентот (не го "блокирајте" другото око на пациентот!!!!).** Погледнете низ офталмоскопот (вашата глава и офталмоскопот се една целина - се движат заедно) и вперете ја светлоста во окото на пациентот на растојание од 50 - 60 цм. Би требало да ја видите ретината како "црвен рефлекс". Следете ја црвената боја на пупилата и приближете се на неколку сантиметри до пациентот (образ до образ).
- Најдете крвни садови и следете ги до оптичкиот диск
- Macula lutea ќе ја најдете на растојание од отприлика два диска од темпоралниот раб на дискот.
- Повторете го прегледот на другото око



До колку ги следите претходните упатства, скоро секогаш ќе го најдете дискот и без дилатација на окото.
До колку не го најдете оптичкиот диск, застанете и запрашајте се "што не е во ред со мојата положба или положбата на пациентот".
Повторете ги стапките од почеток , не се разочарувајте!

СПЕЦИФИЧНОСТИ КАЈ ДЕЦА

1. **6^{та} нед**ела - испитување за **црвениот рефлекс**
   - бел рефлекс наместо црвен=конгенитална катаракта
2. Способност за **фиксација** и очни движења - **над 3м. возраст**
3. Острина на видот:
   а) предучилишна возраст на 5-6 години
   б) 8 г.
   в) 11г.
4. Проценка за **страбизам** - **Корнеален светлосен рефлекс** (Hirschberg - ов тест).

Стабизмот може да биде причина за амблиопија. **Амблиопијата е иреверзибилна после 9г. возраст**

- **Тест со покривање**

Мислете на катаракта, глауком и ретинобластом.

ЗАБЕЛЕШКИ:

1. Острината на видот – **V= d/D** каде **d** го означува растојанието на кое пациентот се наоѓа од картата а **D** е растојанието од кое "нормално" око може да ги чита знаците (буквите) во означениот ред. На пр. 6/12 значи дека од 6 метри пациентот може да ги чита знаците што "нормално" око може да ги чита од 12 метри. Нормална острина на вид се означиува како 6/6 (20/20 стапки).
2. Диоптриите се користат за мерење на јачината на леќите. Офталмоскопот има серија на мали леќи со различна јачина (+ диоптрии се обележени зелено, **негативните црвено**). Кога фокусирате на ретина "го избирате" правиот број на диоптер со цел да компензирате и за **двата - вашиот и видот на пациентот.**
   На пример ако и вие и пациент носите очила со -2 диоптер, доколку прегледот го вршите со вашите очила диоптерот на офталмоскопот ќе биде
   -2, а до колку прегледувате без очила -4.

ЦРВЕНО ОКО

Диференцијална дијагноза на "црвено око"

1**. CONJUNKTIVIT**
2. IRIDOCIKLIT
3. Акутен ГЛАУКОМ
4. Flash - eye - после заварување

Conjuctivitis и iritis

Симптоми	Conjuctivitis	Iritis
Болка	Печрње, чешање	Невралгична болка
Фотофобија	Отсатна	Присатна
Секреција	Мукоидна или пурулентна	Солзење (солзи)
Нарушување на видот	Отсатно или лесно	Лесно до значително
Знаци	**Conjuctivitis**	**Iritis**
Црвенило	Максимални во форниксите, минималном околу корнеа	Цилијарно или циркумкорнеално максимално околу лимбус, минимално во форниксите
Пупила	Нормална	Контрахирана, ирегуларна
Секреција	Мукоидна или пурулентна	Солзење (солзи)